Имајќи го во предвид член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во кој се утврдени надлежностите и обврските на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено ја наведувам обврската за спроведување на одредбите на овој закон, ќе ги преземе сите со закон дозволени дејствија, ќе направи увид во бараните информации согласно принципот "потребно да знае" и ќе го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** имателот на информацијата од јавен карактер- Министерството за финансии на Р. Македонија во најкраток можен рок да изготви и достави одговор на поднесеното барање за пристап до информацијата од јавен карактер:

> **"Доставете ни копија од сите барања за плаќање доставени (печатено или електронски) од Министерството за здравство до секторот Трезор при Министерството за финансии, за следниве буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67, за цела 2012 година.**
>
> **Напомена:** Да се достави копија од сите барања (образец 60, 70, 73 и 80) кои Министерството за здравство ги има доставено до Министерството за финансии за извршување на плаќања по основ на погоре наведените 17 буџетски потпрограми. Или поспецифично барања за исплати (образец 60, 70, 73 и 80) од сметки на основен буџет (630, 637, 603 и 631) и сметки на буџет на донации (785) од сметка на буџетски корисник 1900100434-787-19, трезорска сметка 100-0000000630-95 по за сите погоре наведени потпрограми за цела 2012 година."

Скопје, 23.05.2013 година

**Жалител:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ

Дарко Антиќ – координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети,

_______________________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
Примено: 28.05.2013
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
07 | 304

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-51/13-01
23.05 2013 год.
СКОПЈЕ

До:
**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Од:
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје**

Против:
**Решение број 03-14752/4 од 10/05/2013 година на Министерството за финансии на РМ**

Според член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја поднесува следната

**Ж А Л Б А**

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ,** поднесе барање, преку застапник на барателот - Дарко Антиќ, за слободен пристап до информација од јавен карактер со конкретно прашање (наш архивски број 3.3-44/13-04):

**"Доставете ни копија од годишни и квартални финансиски планови (по месец за кварталот - м1, м2, м3 ..... до м12) за користење на средства од Централниот буџет во 2012 година, доставени од Министерството за здравство до Министерството за финансии за следниве буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67."**

Барањето беше поднесено лично во архивата на Министерството за финансии.

**Доказ:** Фотокопија од поднесено барање заверено со архивски печат на Министерството за финансии

Министерството за финансии по поштенски пат, преку препорачана пратка, без повратница, достави решение, кое Здружението ЕСЕ го доби на 20.05.2013 година во своето поштенско сандаче.

Со Решение бр. 03-14752/4 од 10.05.2013 година на Министерството за финансии на Р.М, барањето за пристап до информацијата беше одбиено

**Доказ:** Решение

Незадоволни од донесеното Решение на Министерството за финансии бр. 03-14752/4 од 10.05.2013 во определениот рок од 15 дена ја вложуваме оваа жалба поради следново:

Имено, согласно донесеното решение, имателот на информацијата одбива да ја обезбеди истата со образложение дека бараната информација претставува исклучок од слободен пристап до информации и се смета за таен податок. Министерството за финансии во донесеното решение за одбивање на поднесеното барање се повикува на точка 23 од Упатството за начинот на трезорско работење – "Доколку доставената документацијата од точките 21 и 22 од ова упатство е некомплетна и содржи формален недостаток што го спречува постапувањето по барањето Трезорот ја враќа документацијата на буџетскиот корисник на исправка или дополнување.", која не содржи одредби со кои бараната информација се класификува како тајна.

Особено нејасно и нелогично е за барателот да годишните и кварталните финансиски планови за користење на средствата од Централниот буџет се таен податок, кога Министерството за финансии во периодичните извештаи (месечни, квартални, полугодишни и годишни) презентира податоци за износот на извршени буџетски средства по буџетски ставки; како и проекциите за очекуваните приливи и одлив од буџетот по ставки кои јавно ги објавува ги темели на податоци од добиените квартални и годишни финансиски планови за користење на средства и остварување на приливи.

Сметаме дека Решението бр. 03-14752/4 од 10.05.2013 година донесено од страна на Министерството за финансии во секој случај мора да биде поништено, а информацијата мора да му биде доставена на барателот затоа што решението е донесено спротивно од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Исто така, согласно член 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата задолжително мора да спроведе "тест на штетност" пред да го одбие барањето за пристап до определена информација. Имателот на информацијата во конкретниот случај несомнено е дека нема направено тест за штетност. Доколку бил спроведен тест за штетност, имателот на информацијата ќе морал да даде соодветно образложение за фактот – зошто годишните и кварталните финансиски планови претставуваа службена тајна и во најмала рака ќе морал да направи дистинкција помеѓу информации чие откривање е навистина штетно, во однос на информации чие откривање не е штетно согласно Законот за класифицирани информации.

Неспорно е дека имателот на информацијата не достави ниту еден доказ во однос на тоа дека бараната информација класифицирана како доверлива!

Недоставувањето на бараната информација претставува повреда на начелото за транспарентно работење и управување при менаџирањето со јавните финансии.

Недоставувањето на бараната информација директно ја повредува целта на постоење на овој закон, утврдена со член 2 – јавност и отвореност во работењето на имателите на информациите и нивната должност да овозможат информираност на јавноста за своето работење. Воедно недоставувањето на бараната информација и непрепраќањето на барањето до Министерството за здравство, претставува

повреда на начелото на сервисна ориентација на органите и начелото на ефикасност, утврдени во член 7 и 8 од Законот за општа управна постапка.

Имајќи го во предвид член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во кој се утврдени надлежностите и обврските на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено ја наведувам обврската за спроведување на одредбите на овој закон, ќе ги преземе сите со закон дозволени дејствија, ќе направи увид во бараните информации согласно принципот "потребно да знае" и ќе го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** имателот на информацијата од јавен карактер- Министерството за финансии на Р. Македонија во најкраток можен рок да изготви и достави одговор на поднесеното барање за пристап до информацијата од јавен карактер:

**"Доставете ни копија од годишни и квартални финансиски планови (по месец за кварталот - м1, м2, м3 ..... до м12) за користење на средства од Централниот буџет во 2012 година, доставени од Министерството за здравство до Министерството за финансии за следниве буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67."**

Скопје, 23.05.2013 година

***Жалител:***

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ

Дарко Антиќ – координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети,

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-51/13-05
23 05 2013 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер
СКОПЈЕ
Примено: 28.05.2013
Орг. единица: 07 Број: 305

До:
**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Од:
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје**

Против:
**Решение број 03-14751/4 од 10/05/2013 година на Министерството за финансии на РМ**

Според член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја поднесува следната

**Ж А Л Б А**

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ**, поднесе барање преку застапник на барателот - Дарко Антиќ за слободен пристап до информација од јавен карактер со конкретно прашање (наш архивски број 3.3-44/13-03):

"Копија од Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба за 2012 година, кои Министерството за финансии ги примило од Министерството за здравство"

Барањето беше поднесено лично во архивата на Министерството за финансии.

**Доказ**: Фотокопија од поднесено барање заверено со архивски печат на Министерството за финансии

Министерството за финансии по поштенски пат, преку препорачана пратка, без повратница, достави допис, кој Здружението ЕСЕ го доби на 20.05.2013 година во своето поштенско сандаче.

Со допис бр. 03-14751/4 од 10.05.2013 година на Министерството за финансии на Р.М, барањето за пристап до информацијата беше одбиено без донесување на решение за одбивање

**Доказ:** Допис

Незадоволни од одговорот на Министерството за финансии содржан во дописот бр. 03-14749/4 од 10.05.2013 година во определениот рок од 15 дена ја вложуваме оваа жалба поради следново:

Имено, Министерството за финансии без да донесе решение за одбивање на доставеното барање го одбива доставеното барање за пристап до информацијата, со образложение дека:

"Министерството за финансии согласно постојаната законска регулатива е одговорно за подготвување на Завршната сметка на Буџетот на РМ која во моментот (за 2012 година) е во фаза на подготовка и по нејзино донесување од страна на Собранието на Р. Македонија

истата ќе се објави во Сл. Весник. А пак што се однесува до Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба за 2012 година за Министерството за здравство, укажуваме дека ресорното министерство е одговорно за изготвување на наведените документи и потребно е Здружението ЕСЕ да се обрати до самото министерство како најверодостојно би ја обезбедило бараната документација. "

Во Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, дел VII подетално е разработена обврската на буџетските корисници и единки корисници за подготовка на основни финансиски извештаи за извршување на буџетот во претходната буџетска година (од член 22 до член 29). Каде во член 22, став 1, јасно е наведено дека буџетските корисници, во кои спаѓа и Министерството за здравство, се должни да состават основни финансиски извештаи, како: биланс на состојба, биланс на приходи и расходи и консолидиран биланс, и "основните финансиски извештаи, заедно со образложението кон нив ја сочинуваат завршната сметка" ( член 23), треба да ги доставата до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната за претходната година (член 24).
Па така, од одговорот на Министерството за финансии содржан во доставениот допис, може да се воочи дека Министерството за финансии не располага со бараните основни финансиски извештаи кои Министерството за здравство законски е обврзано да му ги достави заклучно со 31.03.2013 година во однос на претходната година. Со што се доведува во прашање начинот на кој Министерството за финансии ја подготвува завршната сметка на буџетот за 2012 година во однос на податоците за извршување на буџетот на Министерството за здравство.

А пак, доколку се земат во предвид одредбите пропишани со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за финансии изврши прекршување и на овој закон. Односно, според член 18, став 1, од Законот за пристап до информации од јавен карактер, доколку Министерството за финансии не располага со бараната информација, веднаш а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, е должно да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа да го извести барателот. Па така, врз основа на објаснувањата на Министерството за финансии содржани во дописот, Министерството за финансии не го препрати барањето до Министерството за здравство и изврши прекршување на член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со прекршување на член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, директно се повредува целта на постоење на овој закон, утврдена со член 2 – јавност и отвореност во работењето на имателите на информациите и нивната должност да овозможат информираност на јавноста за своето работење. Воедно недоставувањето на бараната информација и непрепраќањето на барањето до Министерството за здравство, претставува повреда на начелото на сервисна ориентација на органите и начелото на ефикасност, утврдени во член 7 и 8 од Законот за општа управна постапка.

Имајќи го во предвид член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во кој се утврдени надлежностите и обврските на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено ја наведувам обврската за спроведување на одредбите на овој закон, ќе ги преземе сите со закон дозволени дејствија, ќе направи увид во бараните информации согласно принципот "потребно да знае" и ќе го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** имателот на информацијата од јавен карактер- Министерството за финансии на Р. Македонија во најкраток можен рок да изготви и достави одговор на поднесеното барање за пристап до информацијата од јавен карактер:

"Копија од Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба за 2012 година, кои Министерството за финансии ги примило од Министерството за здравство"

Скопје, 23.05.2013 година

**Жалител:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ

Дарко Антиќ – координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за ... на правото за слободен пристап
до информации од јавен карактер
Примено: 03.09.2013
Орг. единица | | | Вредност
07 | 305

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-83/13-1
02.09.2013 год.
СКОПЈЕ

До:
**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Од:
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје**

Против:
**Решение број 03-14751/6 од 22/07/2013 година на Министерството за финансии на РМ**

Според член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја поднесува следната

**ЖАЛБА ПРОТИВ РЕШЕНИЕ**

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ**, поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер на ден 28.05.2013 година, заверено со архивски број на комисијата 07/305 против Одговорот на поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер доставен од страна на Министерството за финансии и ургенција заради непочитување на законски предвидениот рок за решавање на предметот со истиот архивски број (07/305) од 18.06.2013 година, преку застапник на барателот - Дарко Антиќ:

Жалбата и Ургенцијата беше поднесена лично во архивата на Комисијата за заштита на правото на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

**Доказ**: Фотокопија од поднесена жалба и ургенција заверени со архивски печат на Комисијата за заштита на правото на слободниот пристап до информации од јавен карактер

Министерството за финансии по поштенски пат, преку препорачана пратка, без повратница, достави допис, кој Здружението ЕСЕ го доби на 12.08.2013 година во своето поштенско сандаче.

Со допис бр. 03-14751/6 од 22.07.2013 година, Министерството за финансии на Р.М, донесе РЕШЕНИЕ за отфрлање на поднесената жалба со образложение дека е НЕДОПУШТЕНА.

**Доказ:** Копија од донесено РЕШЕНИЕ

Незадоволни од донесеното РЕШЕНИЕ/ОДГОВОР на Министерството за финансии содржани во дописот бр. 03-14751/6 од 22.07.2013 година во определениот рок од 15 дена ја вложуваме оваа жалба поради следново:

Имено, во Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, дел VII подетално е разработена обврската на буџетските корисници и единки корисници за подготовка на основни финансиски извештаи за извршување на буџетот во претходната

буџетска година (од член 22 до член 29). Каде во член 22, став 1, јасно е наведено дека буџетските корисници, во кои спаѓа и Министерството за здравство, се должни да состават основни финансиски извештаи, како: биланс на состојба, биланс на приходи и расходи и консолидиран биланс, и "основните финансиски извештаи, заедно со образложението кон нив ја сочинуваат завршната сметка" (член 23), треба да ги доставата до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната за претходната година (член 24).

Па така, од одговорот на Министерството за финансии содржан во доставениот допис, може да се воочи дека Министерството за финансии иако располага со бараната информација истата не ја доставува или пак не располага со бараните основни финансиски извештаи кои Министерството за здравство законски е обврзано да му ги достави заклучно со 31.03.2013 година во однос на претходната година. Со што се доведува во прашање начинот на кој Министерството за финансии ја подготвува завршната сметка на буџетот за 2012 година во однос на податоците за извршување на буџетот на Министерството за здравство.

Со прекршување на член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, директно се повредува целта на постоење на овој закон, утврдена со член 2 – јавност и отвореност во работењето на имателите на информациите и нивната должност да овозможат информираност на јавноста за своето работење.

Имајќи го во предвид член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во кој се утврдени надлежностите и обврските на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено ја наведувам обврската за спроведување на одредбите на овој закон, ќе ги преземе сите со закон дозволени дејствија, ќе направи увид во бараните информации согласно принципот "потребно да знае" и ќе го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** имателот на информацијата од јавен карактер- Министерството за финансии на Р. Македонија во најкраток можен рок да изготви и достави одговор на поднесеното барање за пристап до информацијата од јавен карактер:

"Копија од Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба за 2012 година, кои Министерството за финансии ги примило од Министерството за здравство"

Скопје, 02.08.2013 година

**Жалител:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ

Дарко Антиќ – координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети,

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ESE СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер
СКОПЈЕ
Примено: 14-11-2013
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 07 | 302 | | |

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-88/13
14.11 201 3 год.
СКОПЈЕ

До:
**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Од:
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје**

Против:
**Заклучок број 03-14754/9 од 19/09/2013 година на Министерството за финансии на РМ**

Според член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја поднесува следната

**Ж А Л Б А**

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер на 30.08.2013 година, донесе РЕШЕНИЕ со кое ја уважува жабата број 07/302 поднесена до Комисијата од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, преку овластен застапник на барателот - Дарко Антиќ. Со донесеното решение Комисијата го поништи решението донесено од Министерството за финансии и го врати предметот на повторно постапување пред првостепениот орган.

**Доказ:** Копија до решение донесено од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 07-302, на 30.08.2013 година. Во прилог исто така Ви го доставуваме целиот предмет од копија на доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за финансии до Решение од Комисијата.

Заради непостапување на првостепениот орган по однос на задолженијата утврдени со решението број 07/302 на Комисијата, Здружението ЕСЕ на 08.10.2013 година до Државниот управен инспекторат поднесе ПРЕТСТАВКА, број Ип1-21-642, поради непочитување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Министерството за финансии.

**Доказ:** Копија од поднесената претставка поради непочитување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. Ип1-21-642 од 08.10.2013 година.

Здружението ЕСЕ, на ден 04 ноември 2013 година доби ЗАКЛУЧОК број 03-14754/9 со кој Министерството за финансии самостојно ја прекинува постапката и воедно не ја обезбедува повторно бараната информација. Но овој пат со образложение дека министерството не располага со бараната информација.

**Доказ:** Копија од Заклучок на Министерството за финансии, број 03-14754/9 од 19.09.2013 година (дата на Министерството за финансии), кој Здружението ЕСЕ го прими на 04.11.2013 година во своето поштенско сандаче без повратница.

Со ваквото образложение министерството повторно изнесува контрадикторни ставови и упатува на тоа дека изнаоѓа начини како да го избегне обезбедувањето на бараната информација. Во првото решение во овој предмет, број 03-14754/4 од 10.05.2013 година, Министерството за финансии го одбива барањето на Здружението ЕСЕ, под образложение дека БАРАНАТА ИНФОРМАЦИЈА СОДРЖИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА СУБЈЕКТИ, ова решение беше обжалено од страна на Здружение ЕСЕ со жалба бр. 07-301 од 28.05.2013 година и за кое Комисијата донесе позитивно решение, да денес Министерството повторно донесува заклучок и не ја обезбедува информацијата под образложение дека ИНФОРМАЦИЈАТА НЕ ПОСТОИ.

На 12.11.2013 година во поштенското сандаче на Здружението ЕСЕ без повратница исто така пристигна ИЗВЕСТУВАЊЕ од Државниот управен инспекторат под број Ип1-21-642 во кое инспекторатот наведува дека министерството донело заклучок и постапило согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доказ:** Копија од известување добиено од Државниот управен инспекторат бр. Ип1-21-642 од 25.10.2013 година.

Од Комисијата бараме да ги земе во предвид сите приложени докази со кои се упатува на тоа дека Министерството за финансии тенденциозно го избегнува обезбедувањето на информациите и контрадикторните изјави на истото, и да изврши теренска проверка на образложенијата дадени во заклучоците и решенијата на министерството, а притоа да обезбеди правилно толкување и правилна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Недоставувањето на бараната информација директно ја повредува целта на постоење на овој закон, утврдена со член 2 – јавност и отвореност во работењето на имателите на информациите и нивната должност да овозможат информираност на јавноста за своето работење.

Имајќи го во предвид член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во кој се утврдени надлежностите и обврските на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено ја наведувам обврската за спроведување на одредбите на овој закон, ќе ги преземе сите со закон дозволени дејствија, ќе направи увид во бараните информации согласно принципот "потребно да знае" и ќе го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе изврши треренски увид и проверка на документацијата на**

**Министерството за финансии, со која ќе утврди дали вистински ваквата информација не е постои, ќе ги испита контрадикторните изјави на Министерството за финансии, ќе ги потврди или негира образложенијата на Министерството за финансии и на барателот ќе му ги обезбеди бараните информации.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** имателот на информацијата од јавен карактер - Министерството за финансии на Р. Македонија, да и овозможи на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер увид во документацијата на секторот Трезор при Министерството за финансии или поспецифични во трезорската документација примена од Министерството за здравство, ќе ги образложи контрадикторностите во своите изјави и ќе го докаже своето последно обрзаложение изјавено во донесениот Заклучок број 03-14754/9.

Скопје, 14.11.2013 година

**Жалител:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ

Дарко Антиќ – координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети,

______________________________

**Образец 78**

## БАРАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Трезорска канцеларија

Датум на валута

78

Трезорска сметка **100000000063095**

Сметка на буџетски корисник

Уплатна сметка

Приходна шифра

Уплатна сметка

Приходна шифра

Сметка на примач

Единствен даночен број

Цел на дознака

Повикување на број - одобрување

Износ

МКД

Потпис и печат

Датум и место на поднесување

место за потврда на прием

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-87/13-5
08.10.2013 год

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
СКОПЈЕ

| Примено: 08-10-2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 21-639 | | |

До: **Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат**

Врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција ја поднесуваме следнава

**П Р Е Т С Т А В К А**

поради непочитување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Изјавена од страна на: **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ**, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје, Р. Македонија преку полномошникот Дарко Антиќ, како барател на информација.

Против: **Министерство за финансии на Република Македонија,** како имател на информација.

На ден 12.04.2013 година, барателот на информации Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, до имателот на информации Министерство за здравство на РМ поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-04 со кое Барање ја побара од имателот следната информација: - **"Доставете ни копија од годишни и квартални финансиски планови (по месец за кварталот - м1, м2, м3 ..... до м12) за користење на средства од Централниот буџет во 2012 година, доставени од Министерството за здравство до Министерството за финансии за следниве буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67."**

**Доказ:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-04 од 12.04.2013 година заверено со архивски печат и датум на прием од имателот на информацијата.

Со оглед на тоа дека бараната информација претставува информација од јавен карактер, имателот на информациите беше должен согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, односно 40 дена доколку му е потребно подолго време за изготвување на истата со што ќе го извести барателот согласно член 22 став 1 и 2 од истиот закон.

Имателот на информацијата донесе решение бр. 03-14752/4 на 10.05.2013 година со кое го одбива поднесеното барање.

**Доказ:** Решение бр. 03-14752/4 од 10.05.2013 година

Поради горенаведеното, врз основа на член 26 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 221 став 2 од Законот за општата управна постапка, на 28.05.2013 година барателот на информациите поднесе Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-01 до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Доказ**: Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-01 од 28.05.2013, поднесена до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

По разгледувањето на поднесената жалба, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер достави до барателот на информацијата Решение бр. 304 од 30.08.2013 година со кое жалбата се уважува и се поништува решението донесено од Министерството за финансии и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Решението на Комисијата е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**Доказ**: Решение бр. 07-304 од 30.08.2013 година

Барателот на информацијата остави простор од дополнителни 20 дена од рокот предвиден во Решението на Комисијата за Министерството за финансии да ја достави бараната информација, меѓутоа до денот на поднесувањето на оваа претставка Министерството не ја достави информацијата.

Поради горенаведеното, врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција, ја поднесуваме оваа претставка и предлагаме Државниот управен инспекторат да изврши увид во предметот и да донесе решение со кое ќе определи рок во кој Министерството за финансии ќе се задолжи да ја достави бараната информација до барателот.

Скопје, 08.10.2013 година

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

Дарко Антиќ

Координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-87/13-6
08.10.2013 год.
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
СКОПЈЕ
Примено: 08-10-2013
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
УП1 21-640

До: **Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат**

Врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција ја поднесуваме следнава

**ПРЕТСТАВКА**

поради непочитување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Изјавена од страна на: **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ**, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје, Р. Македонија преку полномошникот Дарко Антиќ, како барател на информација.

Против: **Министерство за финансии на Република Македонија,** како имател на информација.

На ден 12.04.2013 година, барателот на информации Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, до имателот на информации Министерство за здравство на РМ поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-07 со кое Барање ја побара од имателот следната информација: - **"Доставете ни копија од сите "Пополнети обрасци за преглед на достасани и ненамирени обврски" кои Министерството за здравство ги има доставено до Министерството за финансии во текот на 2012 година."**

**Доказ:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-07 од 12.04.2013 година заверено со архивски печат и датум на прием од имателот на информацијата.

Со оглед на тоа дека бараната информација претставува информација од јавен карактер, имателот на информациите беше должен согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, односно 40 дена доколку му е потребно подолго време за изготвување на истата со што ќе го извести барателот согласно член 22 став 1 и 2 од истиот закон.

Имателот на информацијата донесе решение бр. 03-14755/4 на 10.05.2013 година со кое го одбива поднесеното барање.

**Доказ:** Решение бр. 03-14755/4 од 10.05.2013 година

Поради горенаведеното, врз основа на член 26 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 221 став 2 од Законот за општата управна постапка, на 28.05.2013 година барателот на информациите поднесе Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-02 до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Доказ**: Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-02 од 28.05.2013, поднесена до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

По разгледувањето на поднесената жалба, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер достави до барателот на информацијата Решение бр. 07-301 од 30.08.2013 година со кое жалбата се уважува и се поништува решението донесено од Министерството за финансии и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Решението на Комисијата е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**Доказ**: Решение бр. 07-301 од 30.08.2013 година

Барателот на информацијата остави простор од дополнителни 20 дена од рокот предвиден во Решението на Комисијата за Министерството за финансии да ја достави бараната информација, меѓутоа до денот на поднесувањето на оваа претставка Министерството не ја достави информацијата.

Поради горенаведеното, врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција, ја поднесуваме оваа претставка и предлагаме Државниот управен инспекторат да изврши увид во предметот и да донесе решение со кое ќе определи рок во кој Министерството за финансии ќе се задолжи да ја достави бараната информација до барателот.

Скопје, 08.10.2013 година

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

Дарко Антиќ

Координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-37/13-07
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

| Примено: 08.10.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| ИП1 | 21-641 | | |


До: **Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат**

Врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција ја поднесуваме следнава

**ПРЕТСТАВКА**
поради непочитување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Изјавена од страна на: **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ**, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје, Р. Македонија преку полномошникот Дарко Антиќ, како барател на информација.

Против: **Министерство за финансии на Република Македонија,** како имател на информација.

На ден 12.04.2013 година, барателот на информации Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, до имателот на информации Министерство за здравство на РМ поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-05 со кое Барање ја побара од имателот следната информација: **- "Доставете ни копија од сите барања за плаќање доставени (печатено или електронски) од Министерството за здравство до секторот Трезор при Министерството за финансии, за следниве буџетски потпрограми: 51; 52; 53; 54; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; 62; 63; 64; 65; 66; 67, за цела 2012 година. Напомена:** Да се достави копија од сите барања (образец 60, 70, 73 и 80) кои Министерството за здравство ги има доставено до Министерството за финансии за извршување на плаќања по основ на погоре наведените 17 буџетски потпрограми. Или поспецифично барања за исплати (образец 60, 70, 73 и 80) од сметки на основен буџет (630, 637, 603 и 631) и сметки на буџет на донации (785) од сметка на буџетски корисник 1900100434-787-19, трезорска сметка 100-0000000630-95 по за сите погоре наведени потпрограми за цела 2012 година."

**Доказ:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-05 од 12.04.2013 година заверено со архивски печат и датум на прием од имателот на информацијата.

Со оглед на тоа дека бараната информација претставува информација од јавен карактер, имателот на информациите беше должен согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, односно 40 дена доколку му е потребно подолго време за

изготвување на истата со што ќе го извести барателот согласно член 22 став 1 и 2 од истиот закон.

Имателот на информацијата донесе решение бр. 03-14755/4 на 10.05.2013 година со кое го одбива поднесеното барање.

**Доказ:** Решение бр. 03-14753/4 од 10.05.2013 година

Поради горенаведеното, врз основа на член 26 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 221 став 2 од Законот за општата управна постапка, на 28.05.2013 година барателот на информациите поднесе Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-03 до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Доказ**: Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-03 од 28.05.2013, поднесена до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

По разгледувањето на поднесената жалба, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер достави до барателот на информацијата Решение бр. 07-303 од 30.08.2013 година со кое жалбата се уважува и се поништува решението донесено од Министерството за финансии и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Решението на Комисијата е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**Доказ**: Решение бр. 07-303 од 30.08.2013 година

Барателот на информацијата остави простор од дополнителни 20 дена од рокот предвиден во Решението на Комисијата за Министерството за финансии да ја достави бараната информација, меѓутоа до денот на поднесувањето на оваа претставка Министерството не ја достави информацијата.

Поради горенаведеното, врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција, ја поднесуваме оваа претставка и предлагаме Државниот управен инспекторат да изврши увид во предметот и да донесе решение со кое ќе определи рок во кој Министерството за финансии ќе се задолжи да ја достави бараната информација до барателот.

Скопје, 08.10.2013 година

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

Дарко Антиќ

Координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-87/13-8
08.10.2013

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
СКОПЈЕ

| Примено: 08-10-2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| ИП2 | 21-642 | | |

До: **Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат**

Врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција ја поднесуваме следнава

# ПРЕТСТАВКА

поради непочитување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Изјавена од страна на: **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ**, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје, Р. Македонија преку полномошникот Дарко Антиќ, како барател на информација.

Против: **Министерство за финансии на Република Македонија,** како имател на информација.

На ден 12.04.2013 година, барателот на информации Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, до имателот на информации Министерство за здравство на РМ поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-06 со кое Барање ја побара од имателот следната информација: **- "Копија од сите барања за распределба на јавни приходи (образец 78) кои Министерството за здравство ги има доставено до секторот Трезор при Министерството за финансии, за следните буџетски потпрограми: 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67 за цела 2012 година."**

**Доказ:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-06 од 12.04.2013 година заверено со архивски печат и датум на прием од имателот на информацијата.

Со оглед на тоа дека бараната информација претставува информација од јавен карактер, имателот на информациите беше должен согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, односно 40 дена доколку му е потребно подолго време за изготвување на истата со што ќе го извести барателот согласно член 22 став 1 и 2 од истиот закон.

Имателот на информацијата донесе решение бр. 03-14754/4 на 10.05.2013 година со кое го одбива поднесеното барање.

**Доказ:** Решение бр. 03-14754/4 од 10.05.2013 година

Поради горенаведеното, врз основа на член 26 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 221 став 2 од Законот за

општата управна постапка, на 28.05.2013 година барателот на информациите поднесе Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-04 до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Доказ**: Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-04 од 28.05.2013, поднесена до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

По разгледувањето на поднесената жалба, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер достави до барателот на информацијата Решение бр. 07-302 од 30.08.2013 година со кое жалбата се уважува и се поништува решението донесено од Министерството за финансии и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Решението на Комисијата е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**Доказ**: Решение бр. 07-302 од 30.08.2013 година

Барателот на информацијата остави простор од дополнителни 20 дена од рокот предвиден во Решението на Комисијата за Министерството за финансии да ја достави бараната информација, меѓутоа до денот на поднесувањето на оваа претставка Министерството не ја достави информацијата.

Поради горенаведеното, врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција, ја поднесуваме оваа претставка и предлагаме Државниот управен инспекторат да изврши увид во предметот и да донесе решение со кое ќе определи рок во кој Министерството за финансии ќе се задолжи да ја достави бараната информација до барателот.

Скопје, 08.10.2013 година

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

Дарко Антиќ

Координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ
Бр. 3.3-87/13-9
08. 10. 2013 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
СКОПЈЕ

| Примено: 08-10-2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| УП1 21-643 | | | |

До: **Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат**

Врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција ја поднесуваме следнава

**ПРЕТСТАВКА**

поради непочитување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Изјавена од страна на: **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ**, ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје, Р. Македонија преку полномошникот Дарко Антиќ, како барател на информација.

Против: **Министерство за финансии на Република Македонија,** како имател на информација.

На ден 12.04.2013 година, барателот на информации Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, до имателот на информации Министерство за здравство на РМ поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-03 со кое Барање ја побара од имателот следната информација: - **"Копија од Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба за 2012 година, кои Министерството за финансии ги примило од Министерството за здравство"**

**Доказ:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 3.3-44/13-03 од 12.04.2013 година заверено со архивски печат и датум на прием од имателот на информацијата.

Со оглед на тоа дека бараната информација претставува информација од јавен карактер, имателот на информациите беше должен согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, односно 40 дена доколку му е потребно подолго време за изготвување на истата со што ќе го извести барателот согласно член 22 став 1 и 2 од истиот закон.

Имателот на информацијата донесе решение бр. 03-14751/4 на 10.05.2013 година со кое го одбива поднесеното барање.

**Доказ:** Решение бр. 03-14751/4 од 10.05.2013 година

Поради горенаведеното, врз основа на член 26 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 221 став 2 од Законот за општата управна постапка, на 28.05.2013 година барателот на информациите

поднесе Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-05 до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Доказ**: Жалба против решението на Министерството за финансии бр. 3.3-51/13-05 од 28.05.2013, поднесена до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

По разгледувањето на поднесената жалба, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер достави до барателот на информацијата Решение бр. 07-305 од 30.08.2013 година со кое жалбата се уважува и се поништува решението донесено од Министерството за финансии и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Решението на Комисијата е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**Доказ**: Решение бр. 07-305 од 30.08.2013 година

Барателот на информацијата остави простор од дополнителни 20 дена од рокот предвиден во Решението на Комисијата за Министерството за финансии да ја достави бараната информација, меѓутоа до денот на поднесувањето на оваа претставка Министерството не ја достави информацијата.

Поради горенаведеното, врз основа на член 21 од Законот за управната инспекција, ја поднесуваме оваа претставка и предлагаме Државниот управен инспекторат да изврши увид во предметот и да донесе решение со кое ќе определи рок во кој Министерството за финансии ќе се задолжи да ја достави бараната информација до барателот.

Скопје, 08.10.2013 година

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

Дарко Антиќ
Координатор на програма за мониторинг и анализа на буџети